**Општ Договор**

марЦОМ [Registrar.MK] со адреса Даница Ручигај 11, 1000 Скопје, Македонија е посредник на услуги за домени и домен додатоци, чија мисија е да биде доверлива неутрална трета страна.

марЦОМ ги чува тајно сите административни и технички процедури и спецификации во врска со работата на домени и домен додатоци, освен кога се работи за податоци од јавен карактер и кои се јавно објавени. Клиентот се согласува регистрарот да биде административен и технички контакт за домените.

Називот и употребата на домен името задолжително да биде во согласност со МК правилникот за одредениот домен.

Домен додатоците Registrar.MK gSite и gMail се услуги од Google Site и Gmail, каде што хостинг е вграден од Google. Хостинг услуга од марЦОМ не се нуди.

марЦОМ го задржува правото да изврши промена на цената за услугите во било кое време.

Клиентот превзема одговорност за употреба на услугите за домени и домен додатоци, од марЦОМ.

Клиентот ги откажува сите побарувања кон марЦОМ, кои можат да произлезат од употреба на услугите за домени и домен додатоци, од марЦОМ.

**Одлука**

Следните домен операции можат да се процесираат преку

1) корисничка сметка на Registrar.MK
2) испраќање мејл до info@registrar.mk
3) доставување на барање во писмена форма*

| | |
|---|---|
| Регистрација | 1\|2\|3 |
| Обнова | 1\|2 |
| Трансфер во сметка | 1\|2 |
| Трансфер од сметка | 1 |
| Интерен трансфер помеѓу две сметки | 1\|2 |
| Промена на нејм сервери | 1\|2\|3 |
| Креирање ДНС зона | 1\|2 |
| Ажурирање домен контакт податоци | 1\|2\|3 |
| Промена регистрант контакт | 3 |
| Бришење | 3 |

*Доставување на барање во писмена форма потпишано и печатирано до следнава адреса:
marCOM Registrar.mk
Даница Ручигај 11
МК - 1000 СКОПЈЕ

Легитимација
Правно лице- Доколу барањето не е печатирано, потребно е копија од Тековна состојба Физичко лице- Доказ за идентификација

**Електронска фактура**

Клиентот се согласува дигитално потпишаните фактури да бидат доставени преку мејл адреса